Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

октомври, 2021 година

## СОДРЖИНА

Резиме ..... 2

1. Реален сектор

Индустриско производство ..... 3

Број на работници во индустријата ..... 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ..... 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ..... 6

Инфлација ..... 7

Берзански цени ..... 8

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ..... 10

Увоз ..... 12

Салдо на трговска размена ..... 13

Валутна структура ..... 13

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ..... 14

Буџетски расходи според економската класификација ..... 15

Расходи по буџетски корисници ..... 17

Буџетско салдо ..... 18

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенција за вработување ..... 19

Плати ..... 20

Пензии ..... 21

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ..... 22

Депозитен потенцијал ..... 22

Кредити на банките ..... 23

Каматни стапки на депозитни банки ..... 24

Пазар на капитал ..... 24

Девизни резерви ..... 24



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# РЕЗИМЕ

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

октомври, 2021 година

- Индустриското производство во октомври 2021 година забележа пад од 6,5% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во октомври 2021 година регистрираа забрзан годишен раст од 4,1%;
- Во периодот јануари - октомври 2021 година извозот забележа раст од 22,8%, а увозот раст од 27,8%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 43,6%, споредено со истиот период од 2020 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - октомври 2021 година изнесуваа 178.300 милиони денари, односно 24,7% од БДП, што претставува повисоко остварување за 15,4% во однос на истиот период од 2020 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – октомври 2021 година изнесуваа 201.854 милиони денари, односно 28,0% од БДП, што е за 6,6% повеќе во однос на истиот период лани;
- Вкупните кредити на банките во октомври 2021 година се зголемија за 6,7% во споредба со октомври 2020 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 8,1%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во октомври 2021 година забележа пад од 6,5% во споредба со истиот месец претходната година. Падот во октомври 2021 година се јавува четврти месец по ред откако претходно исто така порасна во четири последователни месеци и се должи исклучиво на намаленото производство во секторот Преработувачка индустрија од 10,4% (придонес од -8,2 п.п.), додека во секторот Рударство и вадење камен е забележан раст од 0,2% и незначителен придонес, а во секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација раст од 18,6% (придонес од 1,9 п.п.).

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Раст на производството во октомври 2021 година бележат 15 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 40,7% од вкупната индустрија. Од гранките со повисока додадена вредност, во октомври 2021 година производството на електрична опрема забележа раст од 2,4% и придонес од 0,1 п.п., додека производството на моторни возила опадна за 40,9% и придонес од -4,8 п.п., а производството на машини и уреди се намали за 35,9% и придонес од -2,2 п.п.. Од традиционалните гранки, во октомври 2021 година раст е забележан кај производството на тутунски производи од 257,5% и придонес од 4,3 п.п., како и кај производството на пијалаци од 0,5% и незначителен придонес. Од

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, октомври 2021 година)*




Извор: ДЗС.

друга страна, пад е забележан кај производството на текстил од 37,5% и придонес од -1,6 п.п., производството на облека од 14,3% и придонес од -1,1 п.п., како и кај прехранбената индустрија од 8,8% и придонес од -0,9 п.п..

Падот на производството според намената на произведените единици во октомври 2021 година е главно последица на намаленото производство на капитални производи од 33,1% (придонес од -7,1 п.п.), но и на нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,9% (придонес од -0,6 п.п.).

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, октомври 2021 година)*




Извор: ДЗС.

На кумулативна основа, во првите десет месеци од 2021 година индустријата забележа раст од 1,8%, што се должи на зголеменото производство во секторите Преработувачка индустрија од 2,1% (придонес од 1,7 п.п.) и Рударство и вадење камен од 1,8% (придонес од 0,2 п.п.), додека во секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација е забележан пад од 0,1% и незначителен придонес. Од индустриските гранки, највисок придонес во растот имаат производството на електрична опрема од 1,0 п.п. при раст од 27,8%, и машини и уреди од 0,8 п.п. при раст од 13,7%.

Според намената на произведените единици, растот во периодот јануари – октомври 2021 година главно се должи на растот на производството во гранката Интермедијарни производи освен енергија од 9,1% (придонес од 2,8 п.п.).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во октомври 2021 година е намален за 2,5%. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори, и тоа: Рударство и вадење камен од 7,3%, Преработувачка индустрија од 2,3% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,9%. Сепак, постојат гранки со раст на вработеноста, како што се производство на тутунски производи со раст од 21,6% и производство на компјутерски, електронски и оптички производи од 12,3%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во октомври 2021 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека намалување на бројот на работници има во групите енергија за 3,4% и нетрајни производи за широка потрошувачка од 7,3%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – октомври 2021 година бележи пад од 2,2%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори, односно во Рударство и вадење камен од 7,2%, во Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 2,6% и во Преработувачка индустрија од 1,8%.

Во поглед на наменските групи, бројот на работници во индустријата во првите десет месеци од 2021 година е намален во групите енергија, интермедијарни и нетрајни производи, а падот е најизразит во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 5,2%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во октомври 2021 година е понеповолна споредено со септември 2021 година, но е поповолна во однос на истиот месец од 2020 година.

**Графикон 1.5:** Деловни тенденции во преработувачка индустрија




Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во октомври изнесува 70,9% од нормалното искористување, што претставува раст споредено со претходниот месец кога изнесувало 70,2%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е зголемена за 2,8 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во октомври имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 20,8%, недостигот на квалификувана работна сила со 17,4%, неизвесното економско окружување со 13,7% и недоволната домашна побарувачка со 12,0%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во октомври 2021 година во однос на септември 2021 година е понеповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се понеповолни, а залихите на готови производи на месечна основа се намалени.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во октомври 2021 година издадени се вкупно 509 одобренија за градење, што претставува раст од 88,5% споредено со октомври 2020 година. Во однос на претходниот месец, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 60,1%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во октомври 2021 година споредено со истиот месец од 2020 година е повисока за 155,5%, а на месечна основа бележи раст од 153,5%.

**Графикон 1.6:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.7:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(октомври 2021)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 321 (или 63,1%) е наменето за објекти од високоградба, 57 (или 11,2%) за објекти од нискоградба и 131 (или 25,7%) за реконструкција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 509 издадени одобренија за градба, на 299 објекти (или 58,7%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 210 објекти (или 41,3%) инвеститори се деловни субјекти.

**Графикон 1.8:** Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*




Со издадените одобренија за градење во октомври 2021 година предвидена е изградба на 2.311 станови со вкупна корисна површина од 164.243 $м^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е зголемен за 273,9%, а на годишно ниво е повисок за 217,0%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во октомври 2021 година регистрираа забрзан годишен раст од 4,1%, што главно се должи на растот на цените на храната, како и на растот на цените на нафтените деривати и на цените од категоријата транспорт, а цените на енергијата во последните  месеци забележуваат забавен раст поради исцрпување на преносниот ефект од зголемувањето на цената минатата година со одлука на РКЕ. Претходниот месец потрошувачките цени регистрираа раст од 3,7% на годишно ниво. Стапката на инфлација во првите десет месеци од 2021 година изнесува 2,9% и во тој период се забележува значителен раст на цените на маслото и на цените на нафтените деривати. Стапката на инфлација во октомври е над проекциите на НБРСМ кај сите три компоненти и се очекува ревизија во нагорна насока на проекцијата на стапката на инфлација за 2021 година, пред се поради увозните притисоци односно поради неизвесноста од движењето на светските цени на примарните производи, како резултат на пандемијата на ковид-19.

**Графикон 1.9:** Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Во октомври, стапката на инфлација во еврозоната регистрира забрзан раст и изнесува 4,1% на годишно ниво (3,4% во септември), што преставува највисока стапка на раст во последните 13 години. Растот на цените се должи на значителниот раст на цените на енергијата од 23,5% (17,6% во септември), следен од порастот на цените на услугите од 2,1%, неенергетските индустриски добра од 2,0% и храна, алкохол и тутун од 2,0%.

Во октомври 2021 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 4,6% на годишно ниво. Зголемувањето на стапката на раст на цените на храната се должи на зголемувањето на цените на Зеленчукот од 12,3%, како и на Маслото од 24,9%, коишто имаа најголем позитивен придонес кон зголемувањето на цените.

Највисок годишен раст на цените во октомври 2021 година е забележан во категоријата Транспорт од 18,4%, што е резултат на растот на цените на воздушниот сообраќај и на горивата следен од порастот на цените во категориите Ресторани и хотели од 8,0%, Рекреација и култура од 3,3%, Здравствена заштита од 2,7%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата и Разновидни стоки и услуги од  по 1,0%, Облека и обувки од 0,6%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,4% и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 0,3%, Пад на



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

годишно ниво е регистриран во категориите Комуникации од 0,9% и Образование од 0,3%.

Потрошувачките цени во октомври 2021 година се зголемија за 0,5% на месечно ниво (претходниот месец беше регистриран пад од 0,1%). Цените на месечно ниво се зголемени во категориите Ресторани и хотели од 1,8%, Облека и обувки од 0,9%, Храна и безалкохолни пијалаци од 0,8%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 0,6%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,3% и Образование од 0,1%. Пад на цените е регистриран во категориите Рекреација и култура од 1,2%, Транспорт од 0,5% и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици, Комуникации и Разновидни стоки и услуги од по 0,1%. Цените во категоријата Здравствена заштита останаа непроменети.

**Графикон 1.10:** Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Цените на мало во октомври 2021 година во однос на истиот месец претходната година се зголемија за 6,1%, а на месечна основа останаа непроменети.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во октомври 2021 година споредено со претходниот месец се зголеми за 12,1% и изнесува 83,7 долари за барел, со што таа е над нивото од пред почетокот на пандемијата. Во текот на 2020 година, индустријата и економската активност во светот беа силно погодени од ограничувачките мерки поради пандемијата, па така во април 2020 година цената на нафтата го достигна дното, по што истата следи нагорен тренд на движење. Со вакцинацијата и укинувањето на карантините се поттикна економската активност, а со тоа и зголемувањето на цените. Дополнително, растот на цената на суровата нафта во октомври е одраз на зголемената побарувачка поради енергетската криза и зголемените цени на природниот гас. На годишно ниво цената на нафтата е повисока за 106,7%.

**Графикон 1.11:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Природниот гас од почетокот на третиот квартал од 2020 година регистрира постепено зголемување. Трендот на раст продолжи сѐ до март 2021 година кога цената забележа силен месечен пад, за да во април повторно се врати на патеката на раст и истата континуирано расте и во октомври регистрира раст на месечно ниво од 24,7%. На годишно ниво, во октомври цената на природниот гас е за четирипати повисока. Растот на цената е резултат на зголемената побарувачка поттикната од економското закрепнување, но и затоа што сѐ повеќе држави се потпираат на природниот гас како енергенс што се употребува за загревање на домаќинствата и во индустриското производство, но и како резултат на напорите за истиснување на јагленот и спроведување на зелената агенда. Земјите во Европа во овој период сé повеќе се соочуваат со ниски залихи на природен гас, меѓутоа дополнителен проблем претставуваат и непогодните временските услови кои придонесоа за намалување на енергијата од алтернативните извори. Цените на природниот гас се зголемија на глобално ниво.

**Графикон 1.12:** Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во октомври цените на основните метали бележат месечен раст, освен цената на никелот којашто се намали за 0,1%. Цените на другите основни метали бележат зголемување на месечно ниво и тоа: на цинкот за 10,7%, на калајот за 8,1%, на бакарот за 5,4%, на оловото за 4,3% и на алуминиумот за 3,5%. Цената на железната руда регистрираше пад од 1,3%.

**Графикон 1.13:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Во однос на благородните метали, златото во август 2020 година достигна историски највисока цена на светските берзи, по што следеше надолен тренд на истата сè до крајот на годината. Во 2021 година, цената на златото забележува наизменично движење, со месечен раст на почетокот на годината, пад во февруари и март, и повторно раст во април и мај, додека од јуни цената на златото повторно регистрираше пад за да во октомври се врати на патеката на раст и истата за зголеми за 0,1%. Трендот на месечно зголемување на цената на златото го следеа и другите благородни метали, односно цената на среброто се зголеми за 1,0% и цената на платината се зголеми за 4,5%.

Цената на пченката на светските берзи во октомври 2021 година се зголеми за 1,7% на месечна основа.

# 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Вкупната надворешнотрговска размена во првите десет месеци од 2021 година изнесува 13.517,3 милиони евра и бележи раст од 25,6% во однос на истиот период минатата година.

Во периодот јануари - октомври 2021 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е намалено за 0,5 п.п. споредено со истиот период претходната година, и изнесува 59,4%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите десет месеци од 2021 година изнесува 25,9% и е намалено за 0,1 п.п. во однос на истиот период од 2020 година.

## Извоз

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - октомври 2021 година, изнесува 5.715,5 милиони евра и бележи раст од 22,8% (1.061,7 милиони евра) во однос на истиот период од 2020 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 9,9%.

Вредноста на извезените стоки во октомври 2021 година изнесува 588,9 милиони евра и бележи пад од 1,4% (8,4 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 3,2% споредено со октомври 2020 година.

[1] Започнувајќи од октомври 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по СМТК

Период: I-X-2021г.




Извор: ДЗС.

Анализирано на месечно ниво, во октомври 2021 година извозот бележи раст од 4,3% (24,4 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 0,4%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (4,0 п.п.) врз извозот овој месец.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - октомври 2021 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 46,7% од вкупниот извоз на државата.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X-2020 | I-X-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 58,3 | 68,9 | 10,6 | 18,1 |
| Мил. ЕУР | 917,7 | 1.283,2 | 365,5 | 39,8 |
| Мил.$ | 1.047,0 | 1.532,7 | 485,7 | 46,4 |

*)Претходни податоци

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X-2020 | I-X-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 25,3 | 29,8 | 4,6 | 18,1 |
| Мил. ЕУР | 145,8 | 161,6 | 15,8 | 10,8 |
| Мил.$ | 165,1 | 193,2 | 28,1 | 17,1 |

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X-2020 | I-X-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 597,3 | 618,6 | 21,3 | 3,6 |
| Мил. ЕУР | 456,8 | 638,8 | 181,9 | 39,8 |
| Мил.$ | 516,7 | 760,2 | 243,6 | 47,1 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X-2020 | I-X-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 647,8 | 601,8 | -45,9 | -7,1 |
| Мил. ЕУР | 296,0 | 445,4 | 149,4 | 50,5 |
| Мил.$ | 334,3 | 529,8 | 195,6 | 58,5 |

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X-2020 | I-X-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 54,2 | 70,7 | 16,5 | 30,4 |
| Мил. ЕУР | 680,8 | 820,9 | 140,1 | 20,6 |
| Мил.$ | 774,8 | 979,3 | 204,5 | 26,4 |

*)Претходни податоци

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X-2020 | I-X-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 51,4 | 61,5 | 10,1 | 19,6 |
| Мил. ЕУР | 543,3 | 680,2 | 137,0 | 25,2 |
| Мил.$ | 617,2 | 811,2 | 193,9 | 31,4 |

[2] Стандардна меѓународна трговска класификација

Анализирано според економските групации[3] на земјите, во периодот јануари - октомври 2021 година споредено со истиот период од 2020 година, извозот бележи раст во групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион и Заедница на независни држави, додека пад има само во групацијата Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 23,5% на годишно ниво, а во земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 28,1%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 77,7% и 11,6%, соодветно.

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - октомври 2021 година изнесува 7.801,8 милиони евра и бележи раст од 27,8% (1.694,7 милиони евра) во однос на истиот период од 2020 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 9,9%.

**Графикон 2.5:**Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Вредноста на увозот во октомври 2021 година изнесува 824,3 милиони евра, што претставува раст од 7,8% (59,8 милиони евра)

[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

во однос на истиот месец од 2020 година, а увезените количини стоки се зголемени за 1,3%.

Анализирано на месечно ниво, во октомври 2021 година, увозот бележи раст од 13,8% (100,1 милион евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 1,4%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (15,2 п.п.) врз увозот овој месец.

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - октомври 2021 година, трговскиот дефицит се зголеми за 43,6% односно 633,1 милион евра споредено со истиот период минатата година.

Во октомври 2021 година, трговскиот дефицит се зголеми за 40,8% односно 68,2 милиона евра споредено со октомври 2020 година.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки, горива и мазива, стоки за широка потрошувачка и храна и пијалаци, како и на намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема.

Во периодот јануари - октомври 2021 година, 81,2% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија и Грција, а потоа следуваат: Кина, Турција, Србија, Полска, Италија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Унгарија, Шпанија и Хрватска.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 90,5% од трговската размена во периодот јануари - октомври 2021 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2020 година претставува зголемување за 1,6 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 93,3% и 88,5%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 1,3 п.п., додека кај увозот е зголемена за 2,0 п.п. во однос на периодот јануари - октомври 2020 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - X - 2020 | | | | | I - X- 2021 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 3.736,6 | 5.281.630.919 | 61,6700 | 325.718.178.805 | 86,5 | 4.330,8 | 6.902.834.950 | 61,6165 | 425.328.529.671 | 88,5 | 1.621.204.030 | 30,7 |
| УСД | 1.933,6 | 866.066.398 | 54,6760 | 47.353.046.375 | 12,6 | 1.903,4 | 988.996.415 | 51,6673 | 51.098.774.473 | 10,6 | 122.930.017 | 14,2 |
| ГБП | 2,8 | 16.028.573 | 69,6094 | 1.115.739.326 | 0,3 | 1,3 | 14.330.899 | 71,4786 | 1.024.352.617 | 0,2 | -1.697.673 | -10,6 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 5.673,1 | | | 374.186.964.506 | 99,1 | 6.235,5 | | | 477.451.656.760 | 99,3 | | |
| вк извоз: | 5.685,8 | | | 376.614.853.037 | 100,0 | 6.251,4 | | | 480.735.672.711 | 100,0 | | 27,6 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - октомври 2021 година изнесуваа 178.300 милиони денари, односно 24,7% од БДП, што претставува повисоко остварување за 15,4% во однос на истиот период од 2020 година. Ова е деветти последователен месец во кој е забележан годишен раст на приходите, којшто во октомври изнесува 8,4%. Растот е резултат и на пониските приходи во истиот период претходната година, кога се почувствуваа значителни негативни ефекти од пандемијата врз буџетските приходи.

Даночните приходи се реализирани во износ од 102.240 милиони денари и се повисоки за 18,9% во однос на јануари – октомври 2020 година, најмногу како резултат на високиот раст на приходите од ДДВ.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Приходите од Данокот на додадена вредност стандардно имаат доминантно учество од 47,1% во вкупните даночни приходи, со остварен износ од 48.161 милион денари, што претставува зголемување од високи 24,8% во однос на истиот период претходната година. Особено е изразен растот на овие приходи во вториот квартал, кога годишниот раст изнесуваше над 60%. Притоа, ДДВ во овие десет месеци годинава е наплатен во бруто-износ од 72.114 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 23.953 милиони денари (бруто-наплатата е повисока за 22,3%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 17,8% споредено со јануари – октомври 2020 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува повисоко остварување за 29,5%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 7,6%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Акцизите се остварени во износ од 21.455 милиони денари (учество од 21,0% во даночните приходи), што претставува зголемување од 17,2% во споредба со истиот период од 2020 година. Така, само од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 69.616 милиони денари, што претставува 68,1% од вкупните даночни приходи во периодот јануари – октомври 2021 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 15.859 милиони денари и бележат раст од 9,8% на годишна основа, при што 67,2% од приходите се од плата и други лични примања, 8,2% од приходи од капитал, 7,5% од приходи по основ на договор на дело, 6,6% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 10,5% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во овој период изнесуваа 9.316 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 6,0% во однос на истиот период претходната година, како резултат на исклучително позитивните остварувања кај даночните биланси, коишто се зголемени речиси двојно, додека данокот по месечни аконтации се намали за 6,5%.

Приходите од царина се остварени во износ од 6.908 милиони денари и забележаа зголемување од 26,8%. Приходите од други даноци со остварен износ од 541 милион денари забележаа зголемено остварување за 32,0% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 57.312 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 5,8% споредено со истиот период претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 5,8%, кај придонесите за здравствено осигурување е повисока за 5,9%, а кај придонесите за вработување за 5,6%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 11.590 милиони денари и во однос на анализираниот период од 2020 година забележаа повисоко остварување за 23,2% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се оствариjа во износ од 1.746 милиони денари, што е зголемување од 10,7% во однос на периодот јануари – октомври минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се оствариjа во износ од 4.273 милиони денари и се повисоки за 70,2% во однос на истиот период лани.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – октомври 2021 година изнесуваа 201.854 милиони денари, односно 28,0% од БДП, што е за 6,6% повеќе во однос на истиот период лани.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 186.760 милиони денари учествуваа со 92,5% и се зголемени за 3,7% во однос на истиот период од 2020 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 25.658 милиони денари што претставува зголемување за 3,7% во однос на периодот јануари – октомври претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 12,7%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 14.383 милиони денари и споредено со истиот период од 2020 година забележаа зголемување од 20,9%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 138.348 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа повисока реализација за 1,2% споредено со истиот период од 2020 година и истите учествуваа со 68,5% во вкупните расходи.

**Графикон 3.2:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Во рамки на трансферите, раст од 3,6% се забележува кај социјалните трансфери, кои изнесуваа 100.401 милион денари, со што учествуваат во вкупните расходи со речиси 50%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 59.821 милион денари, што е зголемување за 3,9% споредено со истиот период од 2020 година и учествуваат со 29,6% во вкупните расходи. Во категоријата други трансфери е регистриран раст од 0,2%, при што субвенциите и трансферите изнесуваат 18.220 милиони денари и се зголемени за 0,4%. Нискиот раст кај овие расходи е резултат на базниот ефект, откако во овој период претходната година е забележан исклучително висок износ на расходи за субвенции и трансфери, поврзан со мерките за справување со кризата. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 15.855 милиони денари забележаа зголемување од 0,5% во споредба со периодот јануари - октомври претходната година.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 15.094 милиони денари, со структурно учество од 7,5% во вкупните расходи, при што забележаа значително повисока реализација (раст од 62,8%) во споредба со периодот јануари - октомври 2020 година.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува над 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари-октомври 2021 година реализираше 43.823 милиони денари или 79,4% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (67,3%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до буџетските фондови, за што се потрошени 29.494 милиони денари или 80,4% од средствата наменети за 2021 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 22,5% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 80,5% (9.853 милиони денари) од планираните за 2021 година.

**Графикон 3.3:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари - октомври 2021 година)*




Извор: МФ.

Во периодот јануари - октомври 2021 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4] реализирани се 58.757 милиони денари што претставува 88,7% од предвидените за 2021 година. Отплата на главнина (41.400 милиони денари) е убедливо најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 70,5%, при што се реализирани 95,9% од планираните. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 14,3% од вкупните расходи, за што се реализирани 8.373 милиони денари, или 92,4% од вкупниот буџет за оваа намена. За капитални расходи се издвоени 5.611 милиони денари (60,9% од планираното), односно 9,5% од вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 20.688 милиони денари, што е 75,4% од вкупниот буџет за 2021 година. Најголем дел од расходите (65,2%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 13.489 милиони денари или 83,0% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 16,6%, за што се потрошени 3.427 милиони денари, односно 78,5% од вкупно предвидените.

[4] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

Во анализираниот период, од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно се реализирани 9.598 милиони денари, што претставува 81,5% од сопствениот буџет за 2021 година. Најзначајна расходна ставка претставува плати и надоместоци со учество од 69,8%, за што се потрошени 6.701 милион денари или 82,7% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 18,5%, за што се реализирани 1.774 милиони денари или 79,5% од годишниот план.

Во периодот јануари - октомври 2021 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 8.071 милион денари што претставува 91,4% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 85,1% во вкупните расходи, реализирани се 94,4% од планираните средства за цела година, односно 6.869 милиони денари.

Министерството за одбрана во периодот јануари-октомври 2021 година реализираше буџетски средства во износ од 7.839 милиони денари, што е 72,6% од вкупниот буџет за оваа година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество во расходите со 44,1%, за што во овој период се реализирани 3.457 милиони денари (82,6% од вкупно предвидените средства за тековната година). Капиталните расходи учествуваат со 22,6% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 1.771 милион денари, односно 60,6% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија во периодот јануари - октомври 2021 година реализираше вкупно 5.401 милион денари, односно 37,5% од планираните средства за 2021 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со високи 77,8% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 4.201 милион денари (33,0% од предвидените средства).

Министерството за здравство, во периодот јануари - октомври 2021 година изврши буџетски средства во износ од 6.424 милиони денари, што е 78,5% од вкупниот буџет за 2021 година. Стоките и услугите имаат најголемо учество во расходите со 52,0%, за што во овој период се потрошени 3.344 милиони денари или 79,9% од средствата наменети за 2021 година. Втора најзначајна ставка е Тековни трансфери до вонбуџетските фондови со реализација од 2.697 милиони денари (89,9% од планираното за годината) и учество од 42,0% во вкупните расходи.

Министерството за транспорт и врски во овој период реализираше средства во износ од 2.057 милиони денари, што е 54,0% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи, како главна ставка, изнесува 71,1% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (1.462 милиона денари).

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – октомври 2021 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 23.554 милиони денари, што претставува 3,26%

од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 23.923 милиони денари и претставува 3,32% од БДП. Буџетскиот дефицит во периодот јануари - октомври изнесува 50,9% од вкупно планираниот буџетски дефицит за цела 2021 година.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во периодот јануари – октомври 2021 година, во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 163.118 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2020 година, вкупниот број нововработени лица е зголемен за 15,2%. Високиот раст, меѓу другото, е резултат и на базниот ефект, откако во истиот период минатата година темпото на вработување беше забавено поради негативните ефекти од пандемијата.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.
Забелешка: Во март 2021 година е извршено прочистување на списоците на невработени лица.

Од вкупниот број новоработени, 41,5% се вработени на неопределено време, а останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во октомври 2021 година 18,8% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Вкупниот број невработени лица во октомври 2021 година изнесува 189.440, од кои 134.219 се активни баратели на работа, а 55.221 се останати невработени лица. Споредено со октомври 2020 година, вкупниот број невработени лица е намален за високи 21,0%. На месечна основа, бројот на невработени е намален за 1.543 лица, со што ова е осми месец по ред во кој е регистриран пад на бројот на невработени, откако во 2020 година бројот на невработени генерално беше во пораст.

Најголем дел од активните невработени лица (61,9%) се градско население, а според половата структура 49,1% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 66,4%, се со непотполно средно образование или помалку, 25,0% се со завршено средно образование, додека 8,5% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 49,9% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 67,5% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 5,5% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во септември 2021 година оствари годишен раст од 5,3%, а во однос на август 2021 година истата е повисока за 0,8%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на септември 2020 година се забележува во следните сектори: Информации и комуникации (13,2%), Рударство и вадење камен (12,8%) и Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (12,5%). Реалните плати во септември 2021 година забележаа годишен раст од 1,6%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во септември 2021 година на годишна основа бележи раст од 5,4%, а во однос на претходниот месец истата е повисока за 0,8%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во септември 2021 година во однос на септември 2020 година се забележува во следните сектори: Информации и комуникации (13,4%), Рударство и вадење камен (13,3%) и Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (12,8%). Реалната бруто-плата во септември забележа годишен раст од 1,7%.

## Пензии

Во октомври 2021 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 324.102 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 67,8% се корисници на старосна пензија, 23,0% се корисници на семејна пензија и 9,3% се корисници на инвалидска пензија.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.
Забелешка: Во податоците за август 2020 година не се вклучени корисниците кои својата пензија ја примале преку Еуростандард банка.

Просечната пензија во октомври 2021 година изнесува 15.849 денари и е за 2,7% повисока споредено со истиот месец 2020 година[5]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во септември 2021 година (последни расположливи податоци) изнесува 54,9%.

Просечната старосна пензија во октомври 2021 година изнесува 17.136 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 14.287 денари, а просечната семејна пензија 12.681 денар. За исплата на пензиите во октомври 2021 година се потрошени 5.071 милион денари, што претставува 49,6% од вкупните социјални трансфери.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во октомври 2021 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на нивото од 1,25%. НБРСМ во март 2021 година ја намали основната каматна стапка за 0,25 п.п. од 1,5% на 1,25%, како резултат на олабувањето на монетарната политика. Така, минатата година Народната банка ја намали каматната стапка на благајничките записи во три наврати со цел поддршка на економската активност. Намалувањето на основната каматна стапка до нивото од 1,25% се очекува да придонесе за намалување на

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити
(октомври 2021 година)




Извор: НБРСМ.

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

цената на финансирање преку кредити од банките и натамошна кредитна поддршка на приватниот сектор, заради ублажување на ефектите од пандемијата врз домашната економија, којашто сè уште трае.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

## Примарни пари

Во октомври 2021 година, примарните пари[6] се зголемија за 11,8% споредено со октомври 2020 година. Растот на примарните пари се должи на растот на вкупните ликвидни средства за 18,3% и зголемување на готовите пари во оптек за 7,2%.

На месечно ниво, примарните пари се намалија за 14,8%, што е резултат на падот на вкупните ликвидни средства на банките за 28,2% и намалувањето на готовите пари во оптек за 0,2%.

## Депозитен потенцијал[7]

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупните депозити на банките во октомври 2021 година се намалија за 0,4% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија регистрираа пад од 1,8%, а депозитите на домаќинствата останаа непроменети.

Од аспект на валутата, во октомври 2021 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна валута се намалија за 2,1%, а депозитите во странска валута регистрираа зголемување од 1,9%.

Вкупниот депозитен потенцијал во октомври 2021 година оствари раст од 8,1% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 3,9% и 14,3%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 17,8% и 7,2%, соодветно.

---

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 9,9%, а долгорочните депозити се намалија за 3,5%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 57,4%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (октомври 2021 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | ***451.580*** | ***-0,4%*** | ***8,1%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *259.007* | *-2,1%* | *3,9%* |
| *Странска валута* | *192.573* | *1,9%* | *14,3%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *194.268* | *1,3%* | *9,9%* |
| *Долгорочни* | *99.050* | *-0,9%* | *-3,5%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | ***377.466*** | ***0,6%*** | ***6,7%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *222.863* | *1,1%* | *7,1%* |
| *Странска валута* | *154.602* | *0,0%* | *6,0%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *59.115* | *1,2%* | *5,3%,* |
| *Долгорочни* | *302.088* | *0,7%* | *7,4%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *12.590* | *-3,9%* | *6,1%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во октомври 2021 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,6% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата и домаќинствата регистрираа раст од по 0,5%. Од аспект на валутата, во октомври 2021 година, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 1,1%, а девизните кредити останаа непроменети.

На годишна основа, во октомври 2021 година вкупните кредити се зголемија за 6,7%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 7,3% и на кредитите кон претпријатијата од 5,7%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 7,1%, а кредитите во странска валута за 6,0%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 7,4%, а краткорочните кредити од 5,3%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## Каматни стапки на депозитни банки

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




**Извор: НБРСМ.**

Во октомври 2021 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,01 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 4,45%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,03 п.п. и изнесува 4,76%, додека каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,01 п.п. и изнесува 4,07%.

Вкупната каматна стапка на депозитите во октомври 2021 година изнесува 0,77% и е намалена за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити е намалена за 0,01 п.п. на месечно ниво и изнесува 1,09%, а каматната стапка на девизните депозити остана непроменета и изнесува 0,47%.

## Пазар на капитал

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

На пазарот на капитал, во октомври 2021 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 51,1% на месечно ниво како резултат на зголемувањето на прометот од класичното тргување за 13,5% и на растот на прометот од блок трансакциите за 380,8%.

Вкупниот промет на берзата во октомври 2021 година изнесуваше 930,2 милиона денари и истиот е зголемен за 128,4% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на октомври 2021 година изнесуваше 5.999,64 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 5,3%, а во однос на истиот месец претходната година регистрираше раст од 35,5%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на октомври 2021 година изнесуваа 3.650,37 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалија за 1,1%, а во однос на октомври 2020 година регистрираа раст од 3,1%.